ЗАПИСНИК
од 8-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
(одржана на електронски начин)

Присутни: Петре Шилегов (Градоначалник на Град Скопје и Претседател на ЗЕЛС), Митко Јанчев (Градоначалник на Општина Кавадарци и Потпретседател на ЗЕЛС), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир и Потпретседател на ЗЕЛС), Сашко Поцков (Градоначалник на Општина Гевгелија), Блаже Станков (Градоначалник на Општина Зрновци), Ивица Димитров (Градоначалник на Општина Виница), Благој Илиев (Градоначалник на Општина Конче), Драган Тренчовски (Градоначалник на Општина Пехчево), Енвер Пајазити (Градоначалник на Општина Брвеница), Никола Станковски ( Претседател на Совет на Општина Ресен), Томе Христовски (Градоначалник на Општина Крушево), Соња Стаменковска (Градоначалничка на Општина Македонска Каменица), Живко Ѓошаревски (Градоначалник на Општина Ресен), Борис Георгиевски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Сашко Николов (Градоначалник на Општина Штип), Коста Јаневски (Градоначалник на Општина Струмица), Сашо Јанкоски ( Градоначалник на Општина Вевчани), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Марјанче Стојановски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Борјанчо Мицевски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Рамис Мерко (Градоначалник на Општина Струга), Горан Трајковски (Градоначалник на Општина  Делчево), Саша Богадановиќ (Градоначалник на Општина Центар), Аце Коцевски (Градоначалник на Општина Велес), Александар Наумоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Бљерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Дарко Блажески ( Градоначалник на Општина Јегуновце), Николчо Илијев (Градоначалник на Општина Кочани), Јордан Насев (Градоначалник на Општина Карбинци), Изабела Павловска (Претседателка на Совет на Општина Крива Паланка), Јасмина Гулевска (Градоначалничка на Општина Могила), Љубица Јанчева (Претседателка на Совет на Град Скопје),  Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Филип Темелковски ( Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Марин (Градоначалник на Општина Аеродром), Ацо Велковски (Градоначалник на Општина Лозово), Жаклина Јовановска (Градоначалничка на Општина Старо Нагоричане), Наташа Петровска (Градоначалничка на Општина Битола), Роберт Бешовски (Градоначалник на Општина Градско), Стефан Богоев (Градоначалник на Општина Карпош), Жика Стојановски (Градоначалник на Општина Илинден), Илија Јованоски (Градоначалник на Општина Прилеп), Лазар Петров (Градоначалник на Општина Демир Капија), Велимир Смилевски (Градоначалник на Општина Бутел), Диме Витанов (Претседател на Совет на Општина Неготино), Здравко Тренески ( Раководител на одделение за финансиски прашања, со овластување од Градоначалник на Општина Кривогаштани, Рубинчо Шефтероски), Ристо Сакалиев (Претседател на Совет на Општина Кавадарци).

**Дискусија**:

Претседателот на ЗЕЛС го констатираше кворумот и ја образложи за потребата за одржување на седницата на Генералното Собрание на електронски начин преку ZOOM платформата, односно внимателно почитување мерките за спечување на ширење на корона вирусот.

Генералното Собрание го усвои следниот:

# ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од 7-мата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, г-дин Петре Шилегов;
3. Одлука за усвојување на ребаланс на буџетот на ЗЕЛС;
4. Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 г.;
5. Одлука за усвојување на финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година;
6. Одлука за усвојување на Извештајот на Независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2020 г.;
7. Разно

ПРВА ТОЧКА: Усвојување на записникот од 7-мата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Записникот од 7-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС е доставен до делегатите навремено и со останатите материјали за седницата. По Записникот беше отворена расправа без забелешки и коментари.

ЗАКЛУЧОК: Генералното Собрание едногласно го усвои Записникот од 7-та седница.

ВТОРА ТОЧКА: Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, г-дин Петре Шилегов;

Обраќањето на Претседателот на ЗЕЛС интегрално е составен дел од овој Записник како негов прилог.

ТРЕТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на ребаланс на буџетот на ЗЕЛС;

Генералното Собрание го разгледа предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на ЗЕЛС за 2021 година. Станува збор за измени кои произлегуваат од потребата за располагање со средства кои произлегуваат заради реализација на проекти со меѓународни организации, а кои со оглед на пандемијата не можеле да се предвидат.

Предлогот беше образложен од страна на извршниот директор. По предлогот немаше дослусија.

ОДЛУГА: Генералното Собрание на ЗЕЛС го усвои Финансискиот план – буџет на ЗЕЛС за изменување и дополнување на буџетот на ЗЕЛС за 2021 г.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 г.;

На делегатите им е доставена презентација на Завршната сметка на ЗЕЛС со материјалите за седницата, а истата ја презентираше извршниот директор на ЗЕЛС со образложение колку се приходите и расходите, начинот на нивното трошење и претежните финансиски показатели.

ОДЛУКА: Генералното Собрание на ЗЕЛС ја усвои Завршната сметка на ЗЕЛС за 2020 година.

ПЕТТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на финансискиот и наративниот извештај на ЗЕЛС за 2020 година;

Присутните делегати беа запознати со активностите кои ги презеде ЗЕЛС во текот на 2020 година со особен акцент на одржаните обуки за стекнување со овластување за располагање со градежно земјиште, како и обуки поврзани со неколку проекти кои ЗЕЛС ги реализира со меѓународни организации.

ОДЛУКА: Генералното собрание на ЗЕЛС донесе Одлука за усвојување на финансискиот и наративниот извештај за работата на ЗЕЛС за 2020 година.

ШЕСТА ТОЧКА: Одлука за усвојување на Извештајот на независна ревизорска куќа за финансиското работење на ЗЕЛС во 2020 г.;

Беше констатирано дека извештајот е навремено доставен до сите делегати. По извештајот немаше дискусија

ОДЛУКА: Генералното Собрание на ЗЕЛС донесе Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЕЛС за 2020 година од независна ревизорска куќа.

ТОЧКА Разно:

1. Дискусија во однос на правата на хронично болни пациенти поврзано со обврските на локалната самоуправа

   На оваа седница е поканета да присуствува и г-ѓа Биба Додева, која им се обрати на присутните.

   Таа укажана на ургентната потреба од решавање на проблемот со хронично болните пациенти, особено што со Законот за правата на пациентите, мора да постои постојана комисија за овие лица да имаат можност и место да се обратат. Беше истакнато дека во минатиот период изработена е анкета која покажува дека 37 проценти од анкетираните лица се изјасниле дека постоењето на ваква Комисија во секоја општина е особено потребно, а дури 75 проценти сметаат дека треба да имаат можност да ги остварат своите права пред ваква Комисија која треба да биде основана во секоја општина. Овој факт укажува дека постои голема потреба за формирање на овие комисии во секоја општина согласно Закон. Таа истакна дека во рамките на проектот кој го спроведува невладината организација вклучени се и пилот - општини како Велес и Струмица, од каде е констатирано дека и покрај тоа што се основани, овие Комисии не функционираат како што треба. Невладината организација како иницијатива, се понуди да дадеме поддршка, обука и се што е потребно за подобрување на функционирањето на Комисиите. Беше истакнато дека граѓаните бараат помош, дека и тие се граѓани на општината и дека ним мора да им се помогне како на пациентите. Беше истакнато и

   Претседателот на ЗЕЛС ги пренесе контакт информациите на иницијативата до делегатите, и укажа на потребата да се преземат активности во насока на подобрување на правата на пациентите.

   ЗАКЛУЧОК: Генералното Собрание на ЗЕЛС ја подржува иницијативата за формирање на општински комисии за правата на хронично болни пациенти согласно Закон, и упатува апел до секоја општина да преземе активности во насока на обезбедување на нивно непречено функционирање.

2. Разгледување на можноста за организирана вакцинација на целата општинска администрација на ЗЕЛС

   Претседателот на ЗЕЛС, кој е и член на државниот кризен штаб за справување со пандемијата КОВИД-19, извести дека во моментот во системот се пријавени околу

140.000 граѓани кои би требало според акцискиот план кој е усвоен на државно ниво да завршат со вакцинација до средината на месец јули. Тој констатираше дека секогаш кога има поголеми количини на вакцини на располагање во здравствениот систем, постои и зголемен интерес за вакцинација. Оттука, тој укажа дека би било добро да се насочат вработените и воопшто сите граѓаните да се пријават во системот за вакцинација за да не се направи упад во процесот на вакцинација. Се очекува набрзо да започне и теренска вакцинација во руралните средини.

Оттука, беше истакнато, заложба на ЗЕЛС е вработените да се пријават и да дојдат на утврден термин за да не дојде до нарушување на системот.

ЗАКЛУЧОК: Генералното собрание ја разгледа состојбата и потребата од што поскора вакцинација на вработените во општинската администрација во државата и упати апел до сите вработени што поскоро самостојно да се регистрираат на системот за вакцинација.

3. Разгледување на прашањето за исплата на надоместокот - регрес за годишен одмор

Беше констаитрано дека утврдена е законска обврска на вработените да се изврши исплата на надоместокот за регрес за годишен одмор. Висината на регресот е регулирана и секоја општина треба да ја исполни оваа обврска. Оттука, беше констатирано, дека не може да стане збор за препорака која би ја дало Генералното Собрание на ЗЕЛС за испата на овие средства за вработените туку станува збор за законска обврска која не може да се доведе во прашање.

ЗАКЛУЧОК: Генералното собрание констатира дека надоместокот по основ на регрес за годишен одмор е обврска по Закон за секој работодавач, вклучително и за општините и истата мора да се исплати во висина регулирана со прописите.

***

Претседателот на ЗЕЛС, со оглед дека ова е последна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС во овој состав, им се заблагодари на сите делегати на Генералното Собрание за успешната соработка во текот на четиригодишниот мандат и им посака успех во изборниот процес на оние градоначалници кои повторно ќе се кандидираат за следен мандат на претстојните избори.

Скопје 29 јуни, 2021 г.

Составил
Стручната служба на ЗЕЛС